# Снежана и седумте џуџиња





**Си беше еднаш едно девојче, убаво и бело како снег и се викаше Снежана. Снежана, не само што беше многу убава, туку беше и многу добра. Сите ја сакаа. Но, за жал таа беше без мајка, па затоа нејзиниот татко се ожени со друга жена која најмногу од се’ се сакаше себе си.**





**Снежана по цел ден мораше напорно да работи за да и угоди на својата маќеа. Ги чистеше подовите, переше, готвеше и ја средуваше целата куќа. Не сакаше да се жали на својот татко за да не го разочара. И беше многу тешко, но сепак беше весела и пееше прекрасни песни додека чистеше.**




**Маќеата вeзден се дотеруваше и се огледуваше во нејзиното волшебно огледало. Цело време го прашуваше: „Огледалце, огледалце мое....кажи на светот најубав кој е?“**

**А, огледалцето и одговараше: Вие кралице моја сте најубава од сите на овој свет“.**

Но, еден ден, огледалото не и го даде истиот одговор. Тоа, вака и рече: „Ти си убава моја кралице, но Снежана е поубава и подобра од тебе“



Маќеата кога ги слушна овие зборови на огледалото, полуде! Не знаеше што да стори. Не можеше да поднесе некој да биде поубав од неа.





**Веднаш го повика ловецот и му нареди да ја одведе Снежана во шумата и да ја убие, а како доказ да го донесе нејзиното срце!!!**

**Ловецот немаше што да стори и рече дека ќе ја исполни нејзината наредба.**

**Ловецот тргна по Снежана која им пееше на птиците и другите животни во шумата, но срцето не му даваше да ја убие. Тој знаеше дека таа е многу добра и дека не заслужува да биде убиена, па и се сожали и реши да ја поштеди.**







**Снежана се преплаши кога го виде ловецот и се стаписа. Тој клекна на колена пред неа извинувајќи и се затоа што помислил и ветил дека ќе ја убие. И рече на Снежана брзо да бега и да се сокрие што е можно подалеку. Тој уби дива свиња и нејзиното срце го стави во кутијата како доказ, а Снежана избега далеку во густата шума.**



**Снежана талкаше низ шумата со денови. Беше прегладнета и преморена.**
**И кога помисли дека нема спас за неа, пред неа се појави една куќичка.**
**Снежана многу се израдува и веднаш се упати кон куќичката.**





**Таа веднаш затропа на вратата, но никој не и одговри ниту отвори. Таа забележа дека вратата не е заклучена, па реши да влезе внатре и малку да се одмори.**




**Ја разгледа куќичката и забележа дека е многу расфрлана. Но, забележа и нешто друго кое беше многу чудно. Внатре, се беше многу мало и од секоја работа имаше по 7 работи. 7 креветчиња, 7 чинии, 7 столчиња... Снежана реши да направи вечера.**



**Направи, вкусна супа, ја раскрена куќата и прилегна на креветчињата. Но, бидејќи беше преморена, веднаш заспа.**





**Кога се вратија домаќините, се исплашија и помислија дека некој им ја разбил куќата. Но, кога влегоа и кога видоа дека се е средено и има зготено супа, беа зачудени.  Се качија во спалната и кога ја видоа преубавата Снежана, беа изненадени.**

**И таа беше изненадена кога ги виде. Тоа беа 7 џуџиња. Таа ги запозна и се потруди да им ги запомни нините имиња кои беа многу интересни: Среќко, Спанко, Кивко, Лутко, Срамежливко, Доктор  и Тапко.**

**Тие многу ја засакаа. Таа секојдневно им ја средуваше куќата и им правеше вкусни јадења додека тие работеа во рудникот за дијаманти.**







**Додека Снежана среќно живееше со 7-те џуџиња, зад 7 ридови и 7 полиња, лошата маќеа беше задоволна мислејќи дека е најубава на светот. Но, еден ден огледалото и кажа дека Снежана е жива и поубава од неа!**

**Маќеата полуде од љубомора и реши самата да се ослободи од Снежана, правејќи црни магии.**



**Се претвори во грда стара жена и подготви едно отровно јаболко за Снежана.**






**Отиде самата да ја бара Снежана и ја најде. Преправајќи се дека е сиромашна старица и го даде отровното јаболко.**



**Снежана гризна од јаболкото и веднаш се струполи на земјата. Лошата маќеа гласно се смееше и беше пресреќна. Но, кога ги виде џуџињата дека доаѓаат, почна да бега и бегајќи падна во провалијата и веднаш умре.**

**Кога се вратија џуџињата и кога ја најдоа Снежана мртва, беа многу тажни. Многу плачеа за неа. Немаа срце да ја закопаат, па решија да направат стаклен ковчег и вечно да бдеат над неа.**



**По неколку дена бдеење, низ шумата помина еден принц кој кога ја виде Снежана, веднаш пријде до неа. Тој се занесе од нејзината убавина. Ги замоли џуџињата да му дозволат барем еднаш да ја прегрне и бакне. Тие му дозволија. Кога принцот ја подигна Снежана, отровното јаболко кое беше заглавено во нејзиното грло излета и Снежана ги отвори очите.**





**Џуџињата беа пресреќни. Едноставно не можеа да поверуваат во тоа што се случи. Играа и скокаа од среќа и ја гушкаа и бакнуваа Снежана.**

**Принцот ја качи Снежана на својот коњ и ја однесе во својот дворец.**

**Тие двајца живееја среќно до крајот на животот, а исто така и џуџињата.**

